**ЗАПИСНИК**
**од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 04.12.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски (поради здравствени причини).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Фетаи пред да започне седницата праша дали членовите на Советот се согласуваат седницата да се одржи и тој како заменик на претседателот да ја води бидејќи претседателот на Советот г-дин Петрушевски беше отсутен.

Советот едногласно се согласи седницата да ја води заменик на претседателот на Советот на Агенцијата.

Г-дин Трајчевски објасни дека согласно ЗААВМУ во отсуство на претседателот на Советот седниците ги води заменик на претседателот и нема потреба од гласање за согласност.

Г-дин Фетаи рече дека според него оваа ситуација е ад хок и побара мислење од г-дин Трајчев како правник.

Г-дин Трајчев рече дека апсолутно седницата може да се одржи бидејќи г-дин Фетаи е заменик на претседателот на Советот и го презема водењето на седницата во отсутност на претседателот, и исто така го има потребниот кворум согласно Законот и може да се продолжи со работа.

Г-дин Фетаи ја отвори 43-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фетаи објасни дека 6 членови на Советот се присутни освен г-дин Петрушевски кој поради здравствени причини е отсутен.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.12.2020 година.
2. Информација со Предлог-заклучок.
3. Предлог-одлука за набавка на новогодишни честитки.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.12.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата со Предлог-заклучок. Објасни дека Советот на Агенцијата на 39-та седница донесе заклучок да се одложи за 30 дена примената на подзаконските акти поврзани со член 143 од ЗААВМУ односно регистрација на странските програмски сервиси кои што се реемитуваат преку операторите на јавни комуникациски мрежи. Бидејќи тој временски период од 30 дена истекува во недела, се предлага до Советот повторно да се одложи примената бидејќи Собранието сè уште ги нема изгласано потребните измени на ЗААВМУ. Но по доставувањето на материјалот од страна на Агенцијата до членовите на Советот, во текот на вчерашниот ден при крај на работното време излезе соопштени од Уставниот суд кој информира дека на вчерашната седница ја прифатил иницијативата за оценување на уставноста на член 143 ставови 3 и 4 од ЗААВМУ и донесе времено решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на истите одредби. Со оглед на тоа дека после донесувањето на одлуки на Уставниот суд потребни се најмалку 15, а некогаш и повеќе од 15 дена за нивно објавување во Службен весник на РСМ и за да се покрие тој вакуум од неделата кога истекува заклучокот на Советот до објавување на Одлуката во Службен весник, во оригинално доставениот заклучок каде е наведено „до 31 јануари 2021 година“ се предлага да стои „до објавување на Одлуката на Уставен суд во „Службен весник на РСМ“.

Г-дин Фиданоски побара појаснување и праша дали ова значи дека двата става 3 и 4 од членот 143 од ЗААВМУ и сите уредби од Владата што беа донесени во целиот изминат период ги замрзнува Уставниот суд и до негово произнесување нема да важат односно нема да се применуваат?

Г-дин Трајчевски појасни дека тој го прочитал Соопштението кое се однесува на ЗААВМУ член 143 ставови 3 и 4 кој е донесен во февруари 2020 година. Од тој член 143 ставови 3 и 4 отпосле произлегуваа Уредбите на Владата. Ако се поведува постапка и се става во мирување овој член со тие два става и се става во мирување односно се запира извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на истите одредби, значи повеќе не се меродавни Уредбите на Владата. Објасни дека ова е според доставеното Соопштение а Агенцијата нема дури ни архивски број на Одлуката на Уставен суд. Во таа насока наведе дека нема никакви дополнителни информации повеќе од членовите на Советот се до моментот кога Одлуката ќе биде објавена во Службен весник.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе го поддржи вака формулираниот заклучок и до очекување на објавување на Одлуката од Уставниот суд се надева дека таа ќе биде адекватна на потребите на македонскиот медиумски простор и на публиката во нашата држава и дека конечно ќе се затвори ова прашање кое ги обременуваше сите што се вклучени во оваа работа на еден или друг начин скоро едена година.

Г-дин Фетаи побара објаснување во врска со Заклучокот и ја прочита верзијата која е пратена до Советот. Го праша г-дин Трајчевски како правилно треба да биде формулиран заклучокот бидејќи се предлага негова измена.

Г-дин Трајчевски објасни дека зборовите „до 31 јануари 2021 година" треба да се заменат со зборовите „до објавување на Одлуката од Уставен суд во Службен весник на РСМ"

Имајќи предвид фактот дека во рокот од 30 дена со кој се пролонгира примената на:

- Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година (Службен весник на РС Македонија бр.152/20),

- Упатството за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава, и

- Упатството за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС Македонија,

сè уште не се донесени предвидените законски измени на членот 143 од ЗААВМУ, а водејќи сметка за целокупната општествена состојба предизвикана од пандемијата на КОВИД 19 во земјата која го отежна нормалното функционирање на сите институции на државата, Советот на Агенцијата едногласно донесе Заклучок за измена на Заклучокот бр.02-4101/4 од 06.11.2020 година, со кој примената на овие подзаконски акти ќе се одложи до објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" на Одлуката на Уставниот суд.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за набавка на новогодишни честитки. Објасни дека се доставени две понуди и од нив е земена предвид најевтината. Потребите на Агенцијата се со минимален број на честитки и притоа е направена и електронска верзија на новогодишни честитки. Наведе дека износот е 6.840,00 денари, без пресметан ДДВ а со пресметан ДДВ би било нешто помалку од 8.000,00 денари.

Г-дин Фетаи рече дека средствата за изборот на понудата се навистина скромни и економски.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на новогодишни честитки, за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 6.840,00 денари, без пресметан ДДВ.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 4**

**Разно**

**Бр. 02-4398/4**
**10.12.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот**

**д-р Милаим ФЕТАИ**